## 1.2. Економска активност

***Во јули 2003 година индустриското производство беше повисоко за 6,2% на месечна основа...***

Физичкиот обем на индустриското производство во јули 2003 година оствари пораст од 6,2% на месечна основа и покрај сезонскиот фактор кој е присутен во летниот период (намален обем на работа поради годишните одмори). Месечно зголемување на производството е регистрирано кај повеќе главни групи на производи, при највисок пораст на производството на енергија (од 2,7 пати), што делумно се должи на ниската споредбена основа од претходниот месец. Исклучок претставува само производството на интермедијарни производи (освен енергија), каде е регистрирано месечно намалување. Анализирано по сектори, во трите сектори од индустријата е регистрирано месечно зголемување на производството, при што производството во секторот вадење на руди и камен оствари висок сезонски детерминиран пораст (за 3,9 пати во однос на претходниот месец). Од гранките со поголемо учество во преработувачката индустрија (која оствари пораст од 3,0%), производството на нафтените деривати се зголеми за 7,9 пати на месечна основа, што делумно произлегува од ниската споредбена основа од претходниот месец (кога се користеа залихите на нафтените деривати).

Графикон 4
Динамика на индустриското производство
(во %)




***...при што е остварена највисока просечна стапка на пораст од почетокот на годинава***

Имајќи предвид дека индустриското производство е еден од основните двигатели на македонската економија, охрабрувачки се остварените стапки на пораст во јули 2003 година на годишна и кумулативна основа (15,3% и 5,2%, соодветно). Зголемениот обем на индустриско производство во првите седум месеци од 2003 година во споредба со истиот период од претходната година се должи на зголеменото производството на енергија и трајни производи за широка потрошувачка, додека од позначајните гранки во преработувачката индустрија најголем придонес има производството на основни метали.